Куслеска Весна

# ПЕРО
## или
## ШЕСТ ДЕНА РАБОТИ СЕДМИОТ ОДМАРАЈ

(Испит по Драматургија И)

Јули 2003 Проф.Русомир Богдановски

ФДУ Асс. Мицевска Маја

ЛИКОВИ:

АФРОДИТА

ВЕЦКА

АТИЏА

ЦАЦИ

ЦВЕТАН-ЦЕКИ

ПЕРО

(Дневна соба. Врата. Десно шифоњер. На ѕидот телефон со отворена слушалка која се ниша. Тука е паднат Перо. Влегува Афродита.)

АФРОДИТА: Пере, леле Пере што ти е? Пере стани! Стани Пере не се преправај! И господе! ( му дава вештачко дишење) Диши! Диши бре Пере! Леле Пере си умрел! Пере што да ти правам сега! Мртов си Пере! Мртов си! Ти свесен си дека си мртов? И сега? Е, така мори смотана една, така и ти треба! Леле кај се запустив и јас запустена пуста пустинка! Аман Пере стани, имај милост! А, да бегам а? Ќе бегам, нема друго! Пере, проштевај, секогаш ќе те сакам, жал ми е што те оставам вака, беше што беше ама тоа е тоа (Ја затвара слушалката од телефонот) леле. . . некој доаѓа.(ја затвара вратата.)

ВЕЦКА: (Однадвор) Перица, отвори!

АФРОДИТА: Леле, сега жива ме фатија.

ВЕЦКА: Отворете, кој е таму?

АФРОДИТА: Една госпоѓа.

ВЕЦКА:Што? Каква госпоѓа?

АФРОДИТА: Скромна.

ВЕЦКА: А што барате тука?

АФРОДИТА: А што се интересираш ти? Ти што бараш тука?

ВЕЦКА: Јас сум му заболекарка на Перо!(пауза) Цеки, среда?

АФРОДИТА: Не, Вторник. Ти?

ВЕЦКА: Понеделник! Каде е Перица?

АФРОДИТА: Пере, мори, малку е мртов!

ВЕЦКА: Како? Како тоа малку е мртов?

АФРОДИТА: Е, па така! Ми се јави пред десетина минути. Ми рече дека му било лошо. Тогаш ќе да бил малку жив! А од каде ти овде?

ВЕЦКА: Јас сум му заболекарка на Перица! Пушти ме да влезам! (Вецка влегува туркајќи ја насилно вратата.) Перица! Што му е? Што си му направила? (го удира по лицето) Перица, Перица! Перица, ајде станувај!

АФРОДИТА: Јас ништо Што бараш ти овде?

ВЕЦКА: Ми се јави Перица. . . (го удира по лицето, се врти кон Афродита) И, види ја ти неа!

АФРОДИТА: Што бараш ти овде? Е мори, значи вистина било!

ВЕЦКА: Што тоа?

АФРОДИТА: Како што мори, имаш љубовник!

ВЕЦКА: Кој јас? Никогаш! А ти ? Кај е маж ти?

АФРОДИТА: А твојот?

ВЕЦКА: Знам јас каде е мојот, туку ти?

АФРОДИТА: Знам јас се за мојот маж! Море вас така и ви треба. Се рекло на лошото со лошо се враќа. Го зедовте и нашиот дел од наследството и сега . . . удрете на швалерај!

ВЕЦКА: Јас сум негова заболекарка! И точка!

АФРОДИТА: А така значи, ти си ја имаш мувата на капата. Кој ти го спомна сега Пере?

ВЕЦКА: Ти!

АФРОДИТА: Ајде доста не ми го мати умот! Што не дојде тој кај тебе на зболекар, и кај се чуло и видело заболекарот дома да ти доаѓа? Тој треба да дојде кај тебе. Нели со парите што ги дрпнавте си отвори твоја заболековална!

ВЕЦКА: Недела сме денеска, не работам. И не се вика заболековална туку стоматолошка ординација!

АФРОДИТА: Не ми менувај тема сега! Работиш ти и тоа прекувремено! Демек не се издаде со она Понеделник!

ВЕЦКА: А ти што така, тука?

АФРОДИТА: Како мислиш?

ВЕЦКА: Кажувај!

АФРОДИТА: Па комшивка сум му, мислам..знаеш дека сме комшии!

ВЕЦКА: На комшилак ли му одеше? Колку и да сме се карале, јас тебе те сметав за рационалистка. Ме разочарамислам дека треба да се засрамиш.

АФРОДИТА: Види ја ти неа, мажена жена со деца, како не ти е срам мори тебе! Јас рационалистка? Комшии сме, барав квасец за млекото!

ВЕЦКА: Тогаш што ти значеше тоа вторник?

АФРОДИТА: Па што може да значи вторник? Во вторник го квасувам млекото, нормално. Познато е дека сите добри домаќинки во вторник го квасуваат млекото

ВЕЦКА: А вообичаено ли е да се позајмува квасец на начинот на кој ти го правиш тоа?

АФРОДИТА: Нормално! Еве и ти си домаќинка ти кој ден го квасуваш млекото?

ВЕЦКА: Моја работа кој ден! Јас барем не позајмувам млеко од моите соседи, неженети мажи со еден куп љубовници, нормално и потенцијални мои, односно во случајов твои.

АФРОДИТА:  Што, Пере мене љубовник? Нема шанси!

ВЕЦКА: Па кој друг сосед ти наликува на овој опис. И плус тоа, ти сама си рече Пере мене љубовник. Тоа ќе го рече секој кој си се препознава.

АФРОДИТА: Ама ти мене ме окривуваш за нешто што ти го правиш?

ВЕЦКА: Јас барем имам достоинство. Јас секогаш имам резерва!

АФРОДИТА: Аман мори, дури и резерва швалер?

ВЕЦКА: Квасец!

АФРОДИТА: Не признаваш?

ВЕЦКА: Што тоа?

АФРОДИТА: Така а? А од каде знаеше за Цеки?

ВЕЦКА: Како мислиш? Не знаев, тоа така си ми дојде, спонтано!

АФРОДИТА: Признај!

(Вецка го здогледува телефонскиот именик кој е до телефонот, го листа.)

ВЕЦКА: Морам да најдам која е Цеки!

АФРОДИТА: Дај јас ќе и се јавам!

ВЕЦКА: Е, нема!

АФРОДИТА: А, призна кучко!

ВЕЦКА: Не е момент за такви разговори сега!

АФРОДИТА: Абре, давај го ваму телефонскиот именик, човекот таму мртов лежи, а таа овде се тепа за телефонски именик!

ВЕЦКА: Не давам!

АФРОДИТА: Их, го скина!

ВЕЦКА: Е па така кога се тепаш!

АФРОДИТА: Ти си крива! Дај ваму да го составиме, мора да го најдеме бројот!

ВЕЦКА: Еве го бројот на Петок! Да и се јавиме!

(го вади мобилникот телефон)

АФРОДИТА: Не е таа Цеки!

ВЕЦКА: Ако, сакам да ја видам Петок!

АФРОДИТА: Јас ќе и се јавам!

(и го зема мобилниот телефон)

ВЕЦКА: Ајде да го видам и тоа чудо!

АФРОДИТА: Кажувај го бројот!

ВЕЦКА: Ајде врти 33

АФРОДИТА: Сама ќе си видам! (и го граба тефтечето од раце) Ѕвони Ало, петок? Ало!(на Вецка) Не зборува.

ВЕЦКА: Почекај! Зборувај од околу, да не се уплаши!

АФРОДИТА: Петок, овде вторник. Кај Пере сме со понеделник, дојдовме од околу, дојди, Пере умрел!

ВЕЦКА: Од околу?

АФРОДИТА: Јас од таму дојдов, што ми е гајле од кај си дошла ти!

ВЕЦКА: Што ти рече?

АФРОДИТА: Ќе дојде.

ВЕЦКА: Кога?

АФРОДИТА: Рече најбрзо што може, па не знам ако доаѓа од околу(го листа именикот) Тука никаде не пишува Цеки!

ВЕЦКА: Види Среда!

АФРОДИТА: Нема ни тоа!

ВЕЦКА: Да видам тука да не има некое ливче

АФРОДИТА: Јас ќе одам во спалната.

(Оди во другата соба)

ВЕЦКА: (клекнува до Перо)

Како можеше сега да ме напуштиш? (плаче) Јас само тебе Перица навистина те сакав. Ти го дадов целото срце. Кога ќе ме погледнеше со тие мили очички и кога ќе ми речеше Лепотице, мусаката е прсти да излижеш, јас се топев целата. Оној мојот скот од маж никогаш не ми го кажал тоа. Тој секогаш се жалеше на моето готвење. Те ценам Перица зашто многу ги сакаше моите јадења, посебно мусаката. Знам дека некогаш ќе се сретнеме некаде горе, дека повторно ќе биде како што беше. . . (плаче)

АФРОДИТА: (се слуша глас од другата соба) Најде нешто?

ВЕЦКА: Не!

(Доаѓа Афродита, Вецка ги брише солзите)

АФРОДИТА: Прости ни Пере, ама многу сакам да ја видам таа твоја најсакана Цеки еве нешто

ВЕЦКА: Што е тоа?

АФРОДИТА: Некои фотографии!

ВЕЦКА: Тоа е попот Цветан! Нас ни треба Цеки не овој, чекај, го знам овој доаѓаше кај мене со Перица на зболекар

АФРОДИТА: Еј ако де, што му фали

ВЕЦКА: Те молам, немој да ми кажеш сега дека ти се допаѓа Цветан.

АФРОДИТА: Е, види се до каде стигна, значи колку расипан ум имаш, тоа е чудо едно!

ВЕЦКА: Кој ми го вели ова? Ти ги помина сите соседи, барем малку да го сожалуваше Перица!

АФРОДИТА: Па ти да не го сожалуваш повеќе? (плаче) Јасго сакав Перо. Лута сум му дури и на Бог што го зеде. (клекнува до Перо) Но победен ти не си. Се уште на твоите усни, на образите се гледа печат на руменило и знамето на смртта бледо уште се нема кренато до крај. Ромео и Јулија. Се сеќаваш кога го читавме зедно Шекспир, се поистоветувавме со нивната забранета љубов. Зошто ме напушти? (и двете плачат)

ВЕЦКА: Од што ти е ова, рече?

АФРОДИТА: Шекспир, си глумевме така понекогаш со Пере.(плаче)

ВЕЦКА: Ајде доста сега! Ќе си го наводениш костимчето!

АФРОДИТА: А тебе од кај ти е костимчево?

ВЕЦКА: Од Солун, кога бев на семинар!

АФРОДИТА: Каде, Солун? Моево е од Париз!

ВЕЦКА: Што зборуваш, каков Париз, Перица го има шиено!

АФРОДИТА: А демек твоето го нема а?

(влегува Атица)

АТИЦА: Пепи! Умрел. . .

ВЕЦКА: Цеки?

АТИЦА: Петок!

ВЕЦКА: Зошто се задржа толку?

АТИЦА: Идев од околу!

ВЕЦКА: Боже!

АФРОДИТА: Их! Надвор! Сакаш и оваа куќа да ја загадиш!

ВЕЦКА: Се знаете?

АФРОДИТА: Сме се виделе. . .

АТИЦА: Кажи и де!

АФРОДИТА: Што да кажам кога оваа не ја сметам за швалерка.

ВЕЦКА: Швалерка, чија?

АФРОДИТА: На мажот ми!

ВЕЦКА: Мажот ти има. . .

АФРОДИТА: Ти кажав, оваа не ја сметам за швалерка.

АТИЏА: Еден ден имаше со Пепи нели?

АФРОДИТА: Да, Вторник и?

АТИЏА: Според сите пресметки, мислам по логика, Дур ти со вторниците.и тој.

АФРОДИТА: Како? Не греши душа сега ти тука пред Пере!

АТИЏА: Значи кај беше ти во вторниците?

АФРОДИТА: Па јас сум вторник

АТИЏА: Логично, овде.

ВЕЦКА: А тој каде беше?

АТИЏА: Логично, со мене.

ВЕЦКА: Убаво вели.

АФРОДИТА: Така и да си дочека, леле ќе ја колам!

ВЕЦКА: Тие проблеми ќе си ги решавате на друго место, ни глас повеќе!

АФРОДИТА: (На Атиџа) Излегувај надвор!

АТИЏА: Кому ти надвор?

ВЕЦКА: Како надвор, па ние ја викнавме, што ќе му правиме сами на Перица?

АФРОДИТА: Е, кога е така тогаш јас ќе си одам. Во иста соба со неа не седам.

ВЕЦКА: Никој не смее да си оди!

АФРОДИТА: Тогаш таа нека си оди.

АТИЏА: Јас не си одам!

АФРОДИТА: Е па не си одам ни јас.

АТИЏА: Ни јас!

ВЕЦКА: Значи тука сме сите.

АТИЏА: Јас сум тука.

АФРОДИТА: И јас.

ВЕЦКА: И сега?

АФРОДИТА: Што сега?

ВЕЦКА: Па, зошто сме тука?

АФРОДИТА: Па, дека умре Пере.

ВЕЦКА: Знам дека умре.

АТИЏА: Муабетот и е што ќе правиме со Пепи?

АФРОДИТА: Не треба ти да ми кажеш што и е муабетот.

ВЕЦКА: Треба да го искапеме, да го облечеме

АФРОДИТА: Јас ќе го искапам!

ВЕЦКА: Зошто баш ти?

АФРОДИТА: Зошто да не јас?

АТИЏА: Види ја ти неа! Која си пак ти да го капеш Пепи? Сите сме тука за исто.

ВЕЦКА: Ај баш кажи ми ти за што дојде?

АТИЏА: За паркетот да ти го прелакирам.

АФРОДИТА: Која си пак ти?

ВЕЦКА:Јас ќе го искапам.

АФРОДИТА: А ти уште да го капеш и завршивме работа.

ВЕЦКА: Ти се сомневаш во мојата хигиена?

АФРОДИТА: Знам јас се за тебе и твојата хигиена. Никој не мора да ми каже.

ВЕЦКА: Имаш ли ти претстава воопшто, зошто се иселивме јас и маж ми од куќата на свекорот?

АФРОДИТА: Зашто свекорот повеќе не сакаше мене и мојот маж одколку вас!

ВЕЦКА: А, не мила моја, во заблуда си! Се иселивме од таму зашто не можевме да те поднесеме тебе и твојата миризба, да не се изразувам просто но смрдеше како полски нужник, ако сакаш да знаеш, ете затоа се иселивме!

АФРОДИТА: Чија мори смрдеа? Ти корнеше како буниште, кокошке една, маж ми секогаш ми велел за тебе, кај ја најде брат ми оваа, целава куќа ни ја затру!

ВЕЦКА: А, така значи, ти си ги прислушкувала и нашите разговори!

АФРОДИТА: Што дрдориш мори сега?

ВЕЦКА: Тоа што ти велиш дека маж ти го велел за мене, сигурно си го слушнала кога маж ми ми го велел мене за тебе.

АТИЏА: Според сите пресметки на кавгата, како се карате како да сте јатрви!

АФРОДИТА: Ја откри Америка!

АТИЏА:  А јатрви сте а?

АФРОДИТА: Јас неа не ја признавам за јатрва.

АТИЏА: Ама сте јатрви, нели?

АФРОДИТА: После сево ова таа за мене е мртва!

ВЕЦКА: Јас мислам дека сите ние треба да се соочиме со фактот дека овде само Перица е мртов, и треба нешто да се превземе за тоа!

АФРОДИТА: Да не планираш да го оживееш случајно?

ВЕЦКА: Те молам замолчи! Доста навредуваш!

АФРОДИТА: А така а? Се ујдисавте вие двете. Да не планирате да си одам јас случајно? Не си одам. **(На Вецка)** Ајде, фаќај го за нозете. Ќе го носиме во бањата. Јас има да го капам.

АТИЏА: Капи де!

ВЕЦКА: Не може, ќе ја чекаме Цеки!

АТИЏА: Кога ќе дојде таа?

ВЕЦКА: Не знаеме не сме ја викнале!

АТИЏА: Па ајде да ја викнеме!

АФРОДИТА: Леле, како ти текна, ние од преескa седиме така и никако да ни текне да ја викнеме. Фала богу што дојде ти, инаку ние останавме така. . среќа наша што се згоди и ти тука. Го немаме бојот мори! Инаку нормално дека ќе ја викневме!

АТИЏА: Го немате бројот?

АФРОДИТА: Го имаме ама не го даваме!

АТИЏА: Не го давате?

АФРОДИТА:Проста си ко сајла, бог да чува!

ВЕЦКА: Ја нема. Баравме со госпожа вторник нејзин телефонски број или нешто друго, што било, ама не можевме ништо да најдеме!

АТИЏА: АШто толку има таа Цеки?

ВЕЦКА: Кој да знае?

АТИЏА: А ланчето?

ВЕЦКА: Кое ланче?

АТИЏА: Како кое? Она со златниот приврзок срце, што го носи Пепи. На него пишува Забранетото овошје е најслатко

ВЕЦКА: Да, како заборавивме? Ама што ќе ни е тоа?

АТИЏА: Според сите пресметки, Цеки мора да е мажена жена. Инаку зошто би пишувало Забранетото овошје е најслатко?

ВЕЦКА: Можно ли е да има нешто нејзино тука?

АТИЏА: Можно е, ама ако пресметаме добро, тогаш нема да има нешто многу зашто ако таа е мажена. . .

АФРОДИТА: Мажот ќе ја убие ако дознае.

ВЕЦКА: Мора тука некаде да има нејзина фотографија, адреса, нешто мора( **На Афродита)** Види дали го носи ланчето.

АФРОДИТА: Те мрзи да станеш?

АТИЏА: Јас ќе видам.

АФРОДИТА: Реков јас вие двете сте се ујдисале.

АТИЏА: Тука е. **(Го вади од вратот на Перо, се обидува да го отвори)** Не можам да го отворам.

АФРОДИТА: Чекај јас

ВЕЦКА: Дај ми го мене. Не можам

АФРОДИТА: Дај пак јас да пробам. Не можам.

АТИЏА: Јас еве. . . **(и го зема ланчето)** А од другата страна има изгравирано крст.

ВЕЦКА: Перица си беше многу религиозен. Кај него важеше Шест дена работи седмиот одмарај. Во недела секогаш одеше во црква. А и многу добро се сложуваше со попот Цветан.

АФРОДИТА: Денес сме недела! Барем денот му се погоди! **(и го граба ланчето од раце и цело време се обидува да го отвори)**

АТИЏА: Среда беше ден за Цеки, понеделник за тебе, вторник за неа, петок јас, а кај се сабота и четврток?

АФРОДИТА: Ни трага ни глас од нив. Да не треба јас да ги барам и нив? Јас сакам само да знам која е Цеки, Пере тоа ланче го пазеше како очите, тој најмногу ја сакаше неа! **(плаче)**

ВЕЦКА: И јас сакам да знам. . .  Се прашувам како би изгледала Цеки?

АТИЏА: И што би облекувала?

АФРОДИТА: Многу ти е убаво костимчето, од каде ти е?

АТИЏА: Си го купив од еден бутик.

ВЕЦКА: Кој бутик?

АТИЏА: Еден низ трговски. Го платив многу скапо. А твоето?

ВЕЦКА: Од Солун.

АТИЏА: Колку моето од трговски толку твоето од Солун.

ВЕЦКА: Да го прекинеме разговоров!

АТИЏА: Ех Пепи, Пепи. (оди до мртвото тело на Перо) Стварно беше весељак. Барем проживеа како што те личи бре Пепи. Знаеш, ние двајцата добро се сложувавме. Кога тој доаѓаше кај мене на работа

ВЕЦКА: Каде работиш?

АТИЏА: Во една кафеана. И кога Пепи ќе дојдеше сите вработени тука ми велеа ене го, ене го. И ќе ѕирнам јас да видам каде е Перо. Секогаш седеше на истата маса, во ќошот лево. (плаче) Ќе го ѕирнев јас така, и како сонце да ме огреваше. Таму Перо разигран, со водката во раце, пие, пуши, музикантите околу него, тој им лепи пари по челата. Лепеше на кое било чело. Ич не штедеше кога бевме заедно. Сите го сакаа. А јас, кога ќе појдев јас, да му запеам кога ќе ме погледнеше така, шмекерски, мене пеперутки вака на прелет во стомакот

ВЕЦКА: Јас се извинувам што те прекинувам ама ти за овој Перица зборуваш?

АТИЏА: Па не знам ти колку Перовци имаш?

ВЕЦКА: Само овој Перица.

АТИЏА: Е, па тој е!

АФРОДИТА: Пере беше Господин. Британската кралица да го познаваше ќе му ја дадеше титулата сер. Пере тоа го заслужуваше. Тој напамет го знаеше Шекспир. Пере е Сер Пер и тоа и ќе остане така! Снажен, вреден, неодоллив. . .

ВЕЦКА: Перица беше еден од ретките домаќини во градов, како се осмелуваш да кажеш дека скитал по кафани во ниедно време? Ме слушаш јас што ти кажувам, домаќин во вистинска смисла на зборот, мало мажулче, со пензионерско стомаче, набилдано без врат и коса што шета по дома со папучи и брише прашина. Ама затоа и го сакав. Не се правеше она што не е. Мене таков маж ми требаше. Доста ми е веќе од оние. . . како маж ми. .

АТИЏА: Снажен? Некој овде го погрешил Перото

АФРОДИТА: Што се закаравте бре, нели бевте ујдисани?

АФРОДИТА: Да одам да го искапам?

АТИЏА: Што ќе му облечеме?

АФРОДИТА: Тегетниот костим!

ВЕЦКА: Кој тегетен костим?

АФРОДИТА: Тој де, секогаш што го носеше!

ВЕЦКА: Јас никогаш не сум го видела Перица во тегетен костим.

АФРОДИТА: Па ти си дојдена кај погрешен Пере!

ВЕЦКА: Слушај, немој да ме навредуваш

АТИЏА: Ајде доста. Да му ги облечеме фармерките и маицата лакоста, нив нон стоп ги носеше по дома.

ВЕЦКА: Кои фармерки? Перица преферираше спортска облека!

АТИЏА: Како бре, мразеше, па Пепи скисна во тие фармерки цел живот.

АФРОДИТА: Абе што ви е вас? Костум и ништо повеќе!

ВЕЦКА: Не може!

АФРОДИТА: Костумот тегетен и ништо друго!

ВЕЦКА: Реков, не може! А и да е костум, тогаш нема шанси тој тегетниот за кој ти тврдиш дека постојано го носел!

АФРОДИТА: И го носеше право да ти кажам!

ВЕЦКА: Тој си обожаваше маици на Ве.

АФРОДИТА: Маици на Ве не стојат на ќелав човек, немој да ме правиш будала, затоа тегетниот костум, тој му беше омилен!

АТИЏА: Ама кај ќе најдеме сега?

ВЕЦКА: Па човекот беше шнајдер, како може да нема!

АТИЏА: Еве, тука во шифоњерот!

(Го отвара шифоњерот и вади облеки од него)

АФРОДИТА: Море, се ујдисавте вие, туку ај.

ВЕЦКА: Слушај, не сум таква да се карам, ама сега веќе можам да избувнам, не ме предизвикувај!

АФРОДИТА: Ти не си била таква да се караш? Заради тебе цела фамилија се запусте!

ВЕЦКА: Е, не сум баш многу сигурна за тоа!

АФРОДИТА: Ами заради кого, свекорот

АТИЏА: Аман, веќе со тој свекорот! Ќе му облечеме што било, да не е гол!

АФРОДИТА: Тебе така ќе те закопаме. . .

АТИЏА: А тебе во костумот тегетен на Пепи!

АФРОДИТА: У скраја било. За тебе јас тапани ќе викнам да се лиса народов од убајни. Пази малку што зборуваш! Јас реков костум! И Цеки да беше овде, сигурно ќе го сакаше тој!

АТИЏА: Да ја чекаме Цеки да одлучи!

ВЕЦКА: Ама не можам јас да ја чекам Цеки цел ден, имам работа, мажот ми ќе дојде, морам да одам дома!

АТИЏА: И јас сум на работа!

АФРОДИТА: Доста ти!

АТИЏА: Да беше жив Перо, ќе видеше ти која е Атиџа, посебно во петок! Кутриот, што би рекол тој на ова? Си играме ние тука, а тој таму, умрен!

АФРОДИТА: Сигурно му е многу незгодно!

ВЕЦКА: Мораме да ја побараме Цеки!

АТИЏА:  Кај ќе ја најдеме сега?

ВЕЦКА: Барем да знаевме што работи!

АТИЏА:  Да, бе, барем нешто! Плава ли е, црна ли е?

АФРОДИТА:  Стара или млада?

АТИЏА: Витка или тенка?

АФРОДИТА: Исто ти е тоа мори!

ВЕЦКА: Дебела или слаба?

АТИЏА: Нас сега ни треба нешто од Цеки!

ВЕЦКА: Немаме повеќе време за губење! Да се вратиме назад малку. Кој дојде прв?

АРФОДИТА: Јас!

ВЕЦКА: И како беше се?

АФРОДИТА: Па исто како и сега, Пере мртов, јас тука па после дојде и ти, натака знаеш.

ВЕЦКА: Ама имаше ли нешто чудно?

АФРОДИТА: Имаше! Слушалката од телефонот беше отворена, јас ја затворив.

АТИЏА: Мислите Цеки била тука?

ВЕЦКА: Да стиснеме редиал!

АФРОДИТА: Никако! Може последно се јавил кај мене! Ако се јави мажот ми. . .

ВЕЦКА: Ќе ризикуваме!

АФРОДИТА: Ама може да се јави и мажот ти!

АТИЏА: Ќе му затвориме!

ВЕЦКА: Еве, јас ќе се јавам! ( **се јавува**) Ало. . .

АФРОДИТА: И?

ВЕЦКА: Некој само ми рече доаѓам и ми затвори!

АТИЏА:Според сите пресметки, Пепи последно и се јавил на Цеки!

АФРОДИТА: Значи доаѓа!

**(Влегува Цаци. Таа е млада бремена девојка. Во рацете носи писмо)**

ЦАЦИ:Здраво! **(Тешко дише)**

АФРОДИТА: Здраво!

ЦАЦИ: Пеце што му е на Пеце?

АФРОДИТА: Му се соарнило. . .

АТИЏА:Мртов е!

ЦАЦИ: Јас реков да не е нешто болен!

АФРОДИТА: Не, така од нога си појде!

ЦАЦИ: Кој дојде?

ВЕЦКА: Никој не дојде, Перица си појде! **(плаче)**

ЦАЦИ: Затоа ли лежи така? Леле, сирота јас што ќе правам сега? Кој ќе ме разбере мене сега? Пеце? Пеце не умирај! Ова е наредба! Сирота јас трудна! Еве и ова писмо го најдов надвор пред вратата, кој ќе го прочита сега? **(Плаче)**

АФРОДИТА: Дај да видам! Адресирано е до Пере! **(Го отвара)** Внатре има разгледница!

ВЕЦКА: Од кого е?

АФРОДИТА: Се гледаме во четврток, Рада.

АТИЏА: Од четврток е.

ВЕЦКА: Таман ќе биде тука за редот кога ќе го вадат.

АФРОДИТА:Оф оваа бремена е. . .

АТИЏА: Дали мислите исто што мислам и јас?

ВЕЦКА: Леле, само да не е тоа!

АТИЏА: Според сите пресметки ти некаде во деветти месец си бремена?

ЦАЦИ: Знам дека е модерно ама не, не можам јас да носам два ремена сега вака, трудна сум. Си носам костимчиња, Пеце што ми ги шиеше, за да ми е полесно зашто трудна сум.

АФРОДИТА: Оваа ќе да е наглува!

АТИЏА: Викаш?

АФРОДИТА: Сто насто!

ВЕЦКА: Јас еве ќе ја прашам нешто вие внимавајте! Детето чие е ?

ЦАЦИ:На мажот ми!

АФРОДИТА: Сигурно?

ЦАЦИ: Да затоа се омажив, зашто трудна сум.

ВЕЦКА: Цеки?

ЦАЦИ: Молам, извинете не ве слушнав?

АФРОДИТА: Ти реков, глува си е!

ВЕЦКА: Велам, ти ли си Цеки?

ЦАЦИ: Море кондурите да ми беа меки добро ќе беше. Ќе морам да си купам, трудна сум.

АТИЏА: Се гледа дека си трудна. А мажена си?

ЦАЦИ: Тажена претажена од мајка ми! Сирота само плачеше дека млада сум се омажила, ама што да правам трудна сум.

АФРОДИТА: Оваа не да е глува, тапа е.

АТИЏА: А Пепи што ти е тебе?

ЦАЦИ: Пријател на брат од мажот ми.

АФРОДИТА: А слушна за тоа, кучко.

ВЕЦКА: Не си ти Цеки?

ЦАЦИ: Само широки облеки, зашто трудна сум.

ВЕЦКА:  Цеки, велам, не си ти Цеки-среда?

ЦАЦИ: Јас сум Цаци, сабота!

АТИЏА: Пак слушна! А кога треба да се породиш?

ЦАЦИ: Ехе детето додека да прооди, рано е, сега уште трудна сум. . .

АФРОДИТА: Од оваа ќар немаме. Дај да си ја најдеме Цеки, да си го средиме Пере.

ВЕЦКА: Барем нешто да знаевме, за Цеки!

АТИЏА: Море, за нас помош ќе е и да знаеме дали е маж или жена!

ВЕЦКА: Секако дека тоа го знаеме!

АТИЏА: Какво време дојде, не знаеш ни мајка ти дали е жена, а камоли друго! А да и побараме, нешто во шифоњерот, може има нешто и нејзино тука?

ЦАЦИ: Што правите?

АФРОДИТА: Џабе што ќе ти кажеме. . .

АТИЏА: Бараме нешто од Цеки!

ЦАЦИ: Што, на пример?

АФРОДИТА: Абе, како може да и се слуша само некогаш?

АТИЏА: Па, незнам, нешто, што било, долна облека, шнола, што било!

Да видиме, барем од прилика каква е таа. Ајде да побараме во шифоњерот.

ВЕЦКА: Ајде! (бараат)

ЦАЦИ: И јас сакам да помогнам ама . . .

АФРОДИТА:  Аман заман седи!

АТИЏА: Ау, што е ова?

ВЕЦКА: Сигурно е некој еснафски алат, Перица имаше многу такви. Се знае без алат нема занат. Мислам дека е за шиење на оние пртеници или тозлуци.

АФРОДИТА: Какви тозлуци бараш? Мори тоа е вибратор!

АТИЏА: Срамота!

ВЕЦКА: А ова, не е ова некој мутавџиски алат?

АФРОДИТА: Алат е ама не мутавџиски. . .

АТИЏА: И ова е некое нешто како тоа. Леле, колку ми е незгодно!

АФРОДИТА: Не ни мачкај очи мори, тебе незгодно? За се што е пис тебе ти е незгодно! Каква кафанска певалка си ти?. .

АТИЏА: Знам ама, што знам. . .

АФРОДИТА: Еј, еве една книга.

АТИЏА: Чија книга?

ВЕЦКА: Ова е дневник!

АТИЏА: Дневникот на Пепи?

ЦАЦИ: Ајде да го прочитаме!

АФРОДИТА:Оваа пак слушна!

АТИЏА: Ајде читај?

ВЕЦКА:Од каде да почнам?

АФРОДИТА: Па книга од почеток се чита!

АТИЏА: Да, според сите. .. .

АФРОДИТА: Доста ти со тоа!

ЦАЦИ: Ајде читајте!

АФРОДИТА: Мислиш ќе слушнеш нешто?

ЦАЦИ: (Уплашена) Што шушна? Да не мрдна Пеце, или веќе се здрвил?

ВЕЦКА: Рано му е за здрвување!

АФРОДИТА: Ви реков!

АТИЏА: Ајде читај!

ВЕЦКА: Распоред на деновите!

АТИЏА:

Леле, еве сме ние!

ВЕЦКА:

(чита)

Понеделник- Вецка, Вторник-Афродита, Среда-Цеки, еве видете до нејзиното име има срце!

ЦАЦИ:

А до нашите имиња има ли нешто?

ВЕЦКА:

Кај мене, тенџере, кај вторник книга.

АФРОДИТА:

Книга, нормално!

АТИЏА:

Кај другите?

ВЕЦКА:

Кај четврток свеќа!

АФРОДИТА:

Оваа стара, стара ама најватрена!

АТИЏА:

Кај мене што има?

ВЕЦКА:

Кај тебе буба мара!

ЦАЦИ:

Што му значи тоа?

АТИЏА:

Сигурно мене ме сакал најмногу на гости!

ВЕЦКА:

Кај Цаци звучник!

АФРОДИТА:

Аман, немој да праште зошто!

ЦАЦИ:

Како? Што има за мене?

АФРОДИТА:

Џабе да ти кажеме!

ЦАЦИ:

Најдобра бев, нема што да се лажеме, ама сега трудна сум!

ВЕЦКА:

Видете навака што пишува: Од Божик до водици, под еден Андреeска Анета, под два Ангелоска Мица, под три Алексоска Благуна и се така до 108, по азбучен ред. Па после од Водици до Велици пости уште 110, од велици пости до Ѓурѓов ден.

АТИЏА:

Аман бе Пепи кога стигна?

АФРОДИТА:

Еј алал да му е се што си заслужил!

ЦАЦИ:

Браво!

ВЕЦКА:

Јас повеќе не барам! Не сакам веќе да читам!

АФРОДИТА:

Љубоморна си!

АТИЏА:

Што бара оваа попска мантија овде?

АФРОДИТА:

Сигурно е од попот Цветан. Најдобар другар му беше! А каде ја најде?

АТИЏА:

Тука, во овој ќош! Да не е Цеки жена му на попот? Стално најдрагата љубовница на мажите им е жената на најдобриот пријател!

ВЕЦКА:

Бог да чува.

ЦАЦИ:

Попот не е женет!

АФРОДИТА:

Да не отварам уста! Како и да е, одбери чорапи!

АТИЏА:

Извини, мене ми се обраќаш?

АФРОДИТА:

Тебе, тебе, ништо ти не помогна!

АТИЏА:

Ти се прекрши, одбра костум! Кај да ти најдам јас чорапи?

ВЕЦКА:

Тука, во шифоњерот.

АТИЏА:

А, ти белким нема да се помачиш?

ВЕЦКА:

Јас ќе одберам Вратоврска.

АФРОДИТА:

До вратоврска ли дојдовме, човекот неискапен таму лежи

ВЕЦКА:

Сега чорапи да одбереме.

АФРОДИТА:

Ете тие тегетните!

АТИЏА:

Бели!

ВЕЦКА:

Бог да чува, какви бели чорапи! Перица мразеше бела боја!

АТИЏА:

Бели, да му оди со кошулата!

АФРОДИТА:

Кој рече дека кошулата ќе биде бела?

ВЕЦКА:

Чорапите, црни!

АТИЏА:

Бели!

ВЕЦКА:

Црни!

АФРОДИТА:

Тегет!

ВЕЦКА:

Црни!

АФРОДИТА:

Тегет, тегет, тегет!

АТИЏА:

Да гласаме! Кој е за црни чорапи? **(Вецка дига рака)** Кој е за Бели? **(Дига рака)** За тегетни? **(Афродита дига рака)** Друга боја некоја? **(На Цаци)** Ти нема да одбереш?

ЦАЦИ:

Не јас, не можам трудна сум.

АФРОДИТА:

Остави ја неа глува е, што решивме?

ВЕЦКА:

Што би рекла Цеки за чорапите?

АТИЏА:

Па и онака ќе ја чекаме за капењето, не пречи да почекаме за се друго.

ВЕЦКА:

Не можеме да го отвориме приврзокот нели? А внатре сигурно има нешто! (**Пробува да го отвори, не може го остава на масата)**

АТИЏА:

Не, ама мора да има нешто запишано и на друго место!

АФРОДИТА:

Навистина, Перо нешто нон-стоп запишуваше! Јас од каде дознав за тоа понеделник, вторник, среда а? Кутриот Перо, можно е да имаше склероза?

ВЕЦКА:

Кројач беше, како да не запишува, не може сите кројки да ги памети?

АФРОДИТА:

Ај не ми соли памет ти мене! Тоа ти што си кажуваш со кројките е друго.

АТИЏА:

Доста сега!

ВЕЦКА:

Ајде да пребараме по џебовите на Перо!

АФРОДИТА:

Кои џебови бараш, не гледаш дека пиџами носи!

ВЕЦКА:

Во џебовите на другите алишта!

АТИЦА:

Ајде!

ЦАЦИ:

(Оди до Перо)

Кој ќе ме рабере мене сега? Ете пак сум си сама на овој свет.

АТИЦА:

Не си сама, трудна си.

ЦАЦИ:

Пеце ме разбираше. Јас кога се омажив за братот на мојот сакан, само Пеце беше тука да ме утеши. А морав да се омажам, зашто трудна сум.

АТИЦА:

Гледај си го сега мажот и детето!

ЦАЦИ:

Маж ми мисли јас него го сакам. Незнам зошто ама јас се заљубив во неговиот брат. Тој во кого се заљубив не ме сакаше на тој начин. И така јас се омажив за брат му. Додуша можеби немаше да се омажам за него, ама трудна сум. Секоја вечер се молам на бога да направи нешто да се разочарам во мојот сакан. Барем да го видев со друга. Но тој не, работата и само работата. И постојано е околу мене, незнам што да правам. . . Пеце, ме начека еднаш кога плачев во дворот, и ме утеши. . . Ми рече дека и тој цел живот бил заљубен во личност со која не можел да биде комплетно, а постојано била околу него. Исто како мене!(плаче) Почна да ми пее една француска шансона. Навистина се смирив. Сега Пепи, сега, кој ќе ти пее тебе?Јас трудна сум.

АФРОДИТА:

Навистина, ќе викаме поп?

ВЕЦКА:

Секако дека ќе викаме поп!

АТИЏА:

Каков поп, не може! Перо можеби не сака поп да го пее.

ВЕЦКА:

Како не сака, тој си беше религиозен.

АТИЏА:

Ама од каде знаеш дали се откажал од религијата пред смртта?

АФРОДИТА:

Навистина, тоа не го знаеме!

ВЕЦКА:

Сигурно и Цеки би сакала да викнеме поп. Поп мора да дојде. Без тоа никако.

(Влегува попот Цветан)

АФРОДИТА:

Ние за волкот тој на врата.

АТИЏА:

Леле, кутар Пепи, знаел дека ќе умре, па сам си го викнал попот.

ЦВЕТАН:

Бог нека ни е на помош! Што му е на . . .

АФРОДИТА:

Арно што дојде попе, ние баш сега за тоа се расправавме, дали треба поп или не.

ЦВЕТАН:

За што дали треба поп или не?

ВЕЦКА:

Дека умре Перица.

ЦВЕТАН:

Умрел Пешко?.**(плаче дело време)** леле, боже. . .

ЦАЦИ:

Целе, немој не плачи. . .

ЦВЕТАН:

Цаци, што бараш ти овде?

ЦАЦИ:

Еве, кај Пеце, да го посетам пред да одам на породилно.

ЦВЕТАН:

Знае брат ми дека си тука?

ЦАЦИ:

Тука сум тука!

АФРОДИТА:

Вие се знаете?

ЦВЕТАН:

Таа му е жена на брат ми.

АТИЏА:

А, вие сте братот.

ЦВЕТАН:

А, што барате вие сите овде?

АФРОДИТА:

Јас по квасец. . .

ВЕЦКА:

Не чини да го лажеме попот. . . Види Попе Цветко, јас ве знам вас, а и вие мене. . .мислам дека се разбираме до некаде. . .

ЦВЕТАН:

Не разбирам. . .

АТИЏА:

(На Вецка)

Не разбира тој вакви работи, поп е, а и незгодно е!

ВЕЦКА:

Во право си. Вака попе, како што кажав јас вас ве знам, нели вие доаѓавте со покојникот кај мене на заболекар. . .

ЦВЕТАН:

Да се сеќавам. . .

ВЕЦКА:

Ние тука сме собрани денска зашто. . . како да ви кажам. . .

ЦАЦИ:

Ние сите сме му љубовници на Перо!

ЦВЕТАН:

Молам?!? Вие сите сте му љубовници, боже прости, како е тоа можно? Јас одамна се знам со Пешко и ова е страшно за мене**(плаче)**

АТИЏА:

Ама зошто вие се возбудувате толку за тоа?

ЦВЕТАН:

Некако не ми се верува, јас му верував, како можеше тој вакво нешто да ми направи мене? Бог ме казнува! Леле главата, главата ме боли!

АФРОДИТА:

Попе Цветанчо, па ти си ја згрешил професијата, па ти рикаш плачеш, како е можно да не си отрпнат на вакви работи? Дајте жени ракија да му ја врземе главата, ќе ни припадне човекот. **(Вецка оди во другата соба, носи ракија и крпа, ми ја врзуваат крпата на глава на Цветан)**

ЦВЕТАН:

Тури ми една ракија! **(Вецка му тура ракија, тој пие и дотура)**

ЦАЦИ:

Цеце и Пеце беа најдобри другари, нормално е да му е тешко!

АТИЏА:

Ама види го, коси корне!

ВЕЦКА:

Кој не би се растажил за Перица? Јас цело време седам тука и срцето ми се кине. Се сеќавам на денот кога се запознавме, одамна беше тоа. Беше четврток. Јас пак, идам од Пазар еден ден. Носев кромид во една кеса. Не ми се скина кесата да ми падне тој кромидот? Ај што ми падна кесата ми падна, не налета една стоеденка да ми згази три кромидчиња? И така јас разочарана го собирам останатите кромиди по улицата, кога гледам една рака со кромид пред мене Мислам дека ова е ваше! ми рече еден глас. Ја кревам главата и душа треба малку се

подисплашив кога го видов, оти сонцето беше точно зад него, а косата, таа што ја имаше малку му беше подаразбушавена и во моментот дури и помислив да почнам да викам манијак, манијак. Ама рекол народот пред да да отвориш уста изброј до десет. Си поќутев и реков ај поубаво да го видам овој, и ја ставов вака раката, како Марко крале кога гледал во далечина. Леле кога го видов си викам ај ќе го викнам на кафе и така мажот ми не е дома. . .

ЦВЕТАН:

Леле боже косата ми се крева!

АФРОДИТА:

А јас пак еднаш реков да излезам малку, досадно ми е само дома, домаќинака да сум и појдов демек накратко во библиотеката тука, жива душа немаше освен јас и библиотекарот. Седам и листам нешто таму Фројд, ама ти попе ќути си за ова. Немој сега светот да не разбере. . . Листам јас така листам и почна да ми крцка столот. А тогаш уште беше таа старата библиотека и едно време туку сторив трассс, ми се скрши столот. Почнав да офкам , да лелекам тука, а тој пак библиотекарот постар и од библиотеката што се вели поглув и од колешкава Цаци, не ме слушна. А јас дека така полничка не можев да станам, се мачев се мачев абре еж родив и никако да станам. Викав по тој библиотекарот, викав, викав ништо. Како сама да сум. Си реков аман Господе Боже ова ни било ни ќе биде. И ете ти го од некој страна комшијата Пере. Ми подава тој рака да станам, а јас дека така пополничка, несакајќи го стргав Пере кон мене и тој падна на мене. . .

АТИЦА:

И после?

АФРОДИТА:

Погоди до три пати!

ЦАЦИ:

Јас го запознав Пеце. . .

ЦВЕТАН:

Зар и ти?

ЦАЦИ:

Да и јас! Ти знаеш добро зошто! Се омажив зашто трудна сум.

ЦВЕТАН:

Бог ме казнува!

ЦАЦИ:

Јас го запознав Пеце на мојата свадба. Откако го изигравме првиот валцер со маж ми, почнаа да ја свират онаа Церешна се од корен корнеше. Мене малку ми се слоши од гужвата, бев напната и појдов до вецето во хотелот каде ште се одржуваше веселбата, се гледам во огледалото бледа крпа. Од соседното веце се слушаа некои непријатни звуци. . . мислам можете да претпоставите, леле си викам, што е човекот. . .

АФРОДИТА:

Ќе не удавиш кажи ако кажуваш, за Пеце

ЦАЦИ:

Во вецето да, и од таму од каде се слушаа звуците излегува, ангел. . .

АТИЏА:

Ангел во веце?

ЦВЕТАН:

Зар во ве-це?

ВЕЦКА:

Чекајте  да дослушаме.

ЦАЦИ:

. . .Како да лебдеше. Невесто добра си? Знам дека последно тоа го слушнав и . . .

АФРОДИТА:

И?

ЦАЦИ:

Се онесвестив!

АФРОДИТА:

Му се постра на муабетот!

ЦАЦИ:

Сум се разбудила за едно десетина минути. Се сеќавам седев на шолјата, а Пеце ме држеше со рацете за лицето и ме гледаше право во очи, се приближи до мене. . .

АТИЏА:

Ајде доста е, многу ми е незгодно да слушам такви работи. . .

ЦВЕТАН:

(Веќе потпијанет)

Пешко беше срце!

ВЕЦКА:

Беше бог да го прости!

АТИЏА:

Да го прости!

ЦВЕТАН:

Зошто замина? Леле боже, зошто го зеде? Мене да ме земеше наместо него, веќе ми недостига!

АТИЏА:

И мене! Јас го запознав Пепи уште како тинејџерка. Во гимназијата каде што учев. Тој често одеше кај директорката Рада. . . И јас го

запознав во четврток. Се прашувам дали е уште жива.. . Моречекај, чекај,  според сите пресметки. . .

ВЕЦКА:

Рада-четврток, онаа од разгледницата е твојата директорка.

АФРОДИТА:

Таа Рада,  ја знам јас неа. И дадов еднаш една книга, не ми ја врати. . Ама јака и душа, колку години има а уште. . . сакам да кажам е држаќа.

ЦВЕТАН:

Зар и Рада, Боже?

АТИЏА:

Море, да цркне! Додуша да не беше таа никогаш можеби немаше да го запознаам Пепи! Денот кога го запознав Пепи бев дежурна, морав да појдам по креда, да ја избришам таблата, такви работи. . .Одам да го наводенам сунѓерот, по ходникот гледам, ново лице некое, за мене не познато, ме разбирате. Ах си реков нов професор. . . Пак се шетам по ходникот навака- натака, едно време дури изгубив надеж, си реков по сите пресметки овој ништо, не ме приметува. И ми текна! Си реков ќе почнам јас да пискам глушец, глушец, сите ќе се разбегаат а јас ќе завршам во прегратките кај новиот професор, така и бидна! После дознав дека не е професор, ама веќе не ми беше важно, бев заљубена до уши!

ВЕЦКА:

Јас Перица. . .

АФРОДИТА:

Аман пак ти со тоа Перица, Перица! Пере, кажи си како што го личи!

ВЕЦКА:

Како не, Пере!

АТИЏА:

Пепи му е право име!

АФРОДИТА:

А пак ти, направо! Каков Пепи мори, тоа така тебе ти текнало!

ЦАЦИ:

Пеце!

ЦВЕТАН:

Правото име му е Перо.

ВЕЦКА:

Пепи, Пере, Перица, Пеце, Пешко исто е, името не го менува човека!
Што се вели викај го и грнче само немој да го скршиш!

АТИЏА:

Според сите пресметки и Цеки не е правилно име!

ВЕЦКА:

Сигурно доаѓа од Цена!

АФРОДИТА:

Или Цана!

ЦАЦИ:

Цвета!

АТИЏА:

Цветанка!

ВЕЦКА:

Сигурно пишува внатре во приврзокот, дајте да го отвориме!

АФРОДИТА:

Дајте јас ќе го отворам!

АТИЏА:

Што и да речеме ти прва скокаш, чекај малку, размисли. . .

АФРОДИТА:

Доста ти!

ЦАЦИ:

Дајте јас ќе пробам.

ВЕЦКА:

Ајде пробај, можеби срećна рака имаш!

АТИЏА:

Ова нешто може само Цеки да го отвори! Мислам, според сите пресметки.

АФРОДИТА:

Ако не дојде таа Цеки уште петнаесетина минути, јас морам да си одам, неможам мажот ми ќе ме убие. . .

(Цветан го зема приврзокот го отвара им го дава)

ЦАЦИ:

Јас си мислев кој знае каква е. . .

АТИЏА:

А видете таа. . .

ВЕЦКА:

Господе прости ми ама оваа ми стои како. . .

АФОРДИТА:

Како машко!

ВЕЦКА:

Бог да чува, Бог да чува. . .

ЦВЕТАН:

Се запознавме на една забава. Го гледав долго, а и тој мене. Ме покани да играме танго. Јас прифатив. Долго ми шепотеше на уво, ми кажуваше дека . . . порано не си простувал дури и ако помислел да постапи така, а сега никогаш нема да си простам ако не пробам ми рече. . . и тогаш ме бакна! Зошто ме напушти? Ти ми беше се. Од средношколските денови. . . Се заколнавме дека заедно ќе живееме и заедно ќе умреме. Те сакам врати се!

АТИЏА:

Кој?

ЦВЕТАН:

Перо, мојот Пешко!

АФРОДИТА:

Боже господе попов се дамлоса!

ЦВЕТАН:

Не сум дамлосан, Јас сум тажен и разочаран! Тој ме изневерувал. . .

АФРОДИТА: Кој бре златен?

АТИЏА: Според сите пресметки. . . Цеки?

ЦВЕТАН: Цеки, Цеки, ами кој?

ВЕЦКА: Значи не била Цвета, туку Цветан! Притисокот, ми се качи притисокот, дајте вода!

АТИЏА:

Што се потресуваш па ти толку?

АФРОДИТА:

Чекајте, што е работава сега?

АТИЏА:

Попов е Цеки!

ВЕЦКА:

Затоа на приврзокот пишува Забранетото овошје е најслатко

АФРОДИТА:

Ау, педер!

ЦАЦИ:

Како?

АФРОДИТА:

Кажи и на глувава, јас сум на работ од нервен слом!

АТИЏА:

Попов е Цеки! Тие биле Педери!

ЦАЦИ:

Затоа ти не ме сакаше? Ја цело време се мислев што ми фали!

АФРОДИТА:

Ти фали бога ми многу нешто!

ЦАЦИ:

Значи мене ништо не ми фалело, ова си е само прашање на вкус. Фала ти боже што конечно ми покажа дека мојата замислена најголема љубов не е толку совршена. Пеце, ти навистина ме спаси. Право да ви кажам, ми олесна. Остани ми покојно со здравје! Ти сепак си му брат или сестра на мојот маж. Кога сакаш дојди да ти помогнам со некој

совет за мажите. Сега одам кај маж ми зашто тој ме сака ваква како жена и плус трудна сум. **(заминува)**

ЦВЕТАН:

Разговоров во собава да остане!

АФРОДИТА:

Џабе, не те слушна!

ВЕЦКА:

Ајде дури не сум приумрела и јас, запеј една вечна ја пам ја. . .дури сме тука да му оддадеме чест на Перо.

АФРОДИТА: Мори бегај да бегаме, каква вечна ја пам ја. Не гледаш, овие сите ненормални се. Ајде се се заборава и свекор и свекрва, оган да ги изгори. Се рекло крвта вода не е. Ајде!

АТИЏА: Според сите пресметки, останавме јас и ти и мене сега ми се најнезгодно. Заминав! (излегува)

ЦВЕТАН: Вечна ја пам ја, вечна ја пам ја. . . .

**KPAJ**